Анализа

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на Јавните здравствени установи за период јануари- јуни 2016 година

август, 2016 година

ВОВЕД

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2016 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни приходи во износ од 12.912.179 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 4%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2016 година се остварени под планираните, со исклучок на приходите од придонеси и приходите од наплата на партиципација кои се остварени над планираното за истиот период.

Структурата на приходите е следната:

-даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	53.07%
-приходи од придонеси од корисници на пензии	24.84%
-Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	10.18%
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	2,12%
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0.49%
-трансфери од Министерство за труд (породилно)	8.94%
-приходи од Агенцијата за вработување	0,37%

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2016 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 12.868.589 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 50.32% и во вкупен износ се над планираното за истиот период за 0.6%.

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	87.6%
-надоместоци	10,7%
-административни (фунционални) расходи	1,7%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 30.06.2016 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 7.102.501.319 денари, односно 51.68% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2016 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-јуни 2016 години ЈЗУ остварile вкупни приходи во износ од 8.462.247 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (83.9%), сопствени приходи (15.8%) и приходи од донации (0.3%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2016 година изнесуваат 8.344.272 илјади денари.

Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	50,54%
-материјали и ситен инвентар	27,24%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	7.07%
-останати расходи	15.15%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-јуни 2016 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 1.776.138 илјади денари.

Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2015 година (износ 1.718.939 илјади денари) бележат зголемување од 3,33%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 30.06.2016 година изнесуваат 4.134.691 илјади денари, кои споредени со состојбата на 30.06.2015 година (износ 4.315.543 илјади денари) се намалени за 4.2%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 30.06.2016 година изнесуваат 3.134.375 илјади денари и во споредба со состојбата од 31.01.2016 (износ 3.089.642 илјади денари)бележат зголемување од 1,5%.

Најголемо намалување на долговите во месец јуни во однос на состојбата во м.мај има кај следните ЈЗУ:

1	*ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија*	*-13.544*	*илјада денари*
2	*ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје*	*-9.468*	*илјада денари*
3	*Општа болница-Прилеп*	*-7.125*	*илјада денари*

Најголем пораст на долговите споредбено во м.јуни во однос на м.мај има во следните ЈЗУ:

1	*Општа болница-Струга*	*11.674*	*илјада денари*
2	*Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје*	*8.365*	*илјада денари*
3	*Општа болница-Куманово*	*5.736*	*илјада денари*

Финансиски податоци
на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

1. Приходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-јуни 2016 година во Фондот се остварени приходи во износ од 12.912.179 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 2.152.030 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-јуни 2016 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2015 година (износ 12.307.653 илјади денари) се зголемени за 4.91%.

Планирани приходи


Планираните вкупни приходи за периодот јануари-јуни 2016 година изнесуваат 13.442.598 илјади денари или просечно месечно 2.240.433 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се помали за 4%.

Вкупни приходи јануари-јуни 2016/2015 во (000) денари

Опис	Остварено јануари-јуни 2015 година	Буџет 2016 година	Остварено јануари-јуни 2016	% на остварени приходи во периодот јануари-јуни 2016 во однос на буџетот 2016 година	% на остварени приходи јануари-јуни 2016/2015
Вкупен приход	12.307.653	25.575.177	12.912.179	50,49%	104,91%

Графички приказ на вкупни приходи за период Јануари-јуни 2016/2015 година

во (000) денари



Движење на вкупните приходи за период јануари-јуни 2016 година

во (000) денари


месец	план	остварено	% на остварување
јануари	2.840.568	2.427.367	85,45%
февруари	2.087.268	2.297.932	110,09%
март	2.131.371	2.135.375	100,19%
април	2.210.967	2.263.788	102,39%
мај	2.020.045	1.831.360	90,66%
јуни	2.152.379	1.956.357	90,89%
вкупно	**13.442.598**	**12.912.179**	**96,05%**

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2016 година се остварени под планираните, со исклучок на приходите од придонеси и приходите од наплата на партиципација кои се остварени над планираното за истиот период.

Структура на остварени приходи јануари-јуни 2016 година **(во 000 денари)**

сметка	приход	Остварено јануари-јуни 2015 година	Буџет 2016 година	Остварено јануари-јуни 2016 година	% на остварување во однос на буџетот 2016 година	% на остварување 2016/2015	% на учество во вкупните приходи
	ВКУПНО:	**12.307.653**	**25.575.177**	**12.912.179**	**50,49%**	**104,91%**	**100,00%**
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**11.015.793**	**23.035.177**	**11.484.385**	**49,86%**	**104,25%**	**88,94%**
712	**Придонеси од плати за социјални фондови**	**11.015.793**	**23.035.177**	**11.484.385**	**49,86%**	**104,25%**	**88,94%**
7122	Придонеси од бруто плати и надоместоци	6.509.491	13.936.000	6.852.661	49,17%	105,27%	53,07%
712511	Придонеси од АВРМ	58.766	119.177	47.741	40,06%	81,24%	0,37%
712512	Приход од ПИОМ	3.068.385	6.410.000	3.206.886	50,03%	104,51%	24,84%
712513	Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.325.420	2.440.000	1.314.071	53,86%	99,14%	10,18%
712514	Приходи од МТСП (придонес)	53.731	130.000	63.026	48,48%	117,30%	0,49%
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**298.229**	**540.000**	**273.302**	**50,61%**	**91,64%**	**2,12%**
725	**Други неданочни приходи**	**298.229**	**540.000**	**273.302**	**50,61%**	**91,64%**	**2,12%**
725946	Приход од Партиципација	193.606	390.000	207.193	53,13%	107,02%	1,60%
725	Други приходи	104.623	150.000	66.109	44,07%	63,19%	0,51%
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**993.631**	**2.000.000**	**1.154.492**	**57,72%**	**116,19%**	**8,94%**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**993.631**	**2.000.000**	**1.154.492**	**57,72%**	**116,19%**	**8,94%**
741112	Приходи од МФ	0	0	0			
741111	Приходи од МТСП (породилни)	993.631	2.000.000	1.154.492	57,72%	116,19%	8,94%

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-јуни 2016 година



1. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

(во 000 денари)

приходи	Остварено јануари-јуни 2015 година	јануари-јуни 2016 година			% на остварување 2016/2015 година	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
Придонеси од бруто плати и надоместоци	6.509.491	6.616.050	6.852.661	103,58%	105,27%	59,67%
Придонеси од АВРМ	58.766	59.589	47.741	80,12%	81,24%	0,42%
Приход од ПИОМ	3.068.385	3.340.000	3.206.886	96,01%	104,51%	27,92%
Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.325.420	1.760.000	1.314.071	74,66%	99,14%	11,44%
Приходи од МТСП (придонес)	53.731	65.000	63.026	96,96%	117,30%	0,55%
Вкупно:	**11.015.793**	**11.840.639**	**11.484.385**	**96,99%**	**104,25%**	**100%**


1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените

Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години

Овие приходи учествуваат со 53.1% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2016 година.
Во периодот јануари-јуни 2016 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 6.852.661 илјади денари и се со процент на остварување од 49.17% во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2015 година бележат зголемување од 5,3%.
Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-јуни 2016 година е нерамномерна и е над планираното за истиот период за 3.6%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-јуни 2016 година (во илјада денари)



2. Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-јуни 2016 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 3.206.886 илјади денари со индекс на остварување од 50.03 во однос на годишниот план.
Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2016 година, овие приходи учествуваат со 24.84%.
Овие приходи споредени со истиот период од 2015 година (износ 3.068.385 илјада денари) бележат зголемување од 4.5%.
Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се помали за 4 %.
Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2016 година е со нерамномерна месечна уплата.


3. Приходи од Министерство за здравство

Во периодот јануари-јуни 2016 година, од приходите од М3 (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 1.314.071 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 53.9%.
Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 10.2%.

4. Придонеси на корисници на права од социјална заштита

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2016 година учествуваат со 0.49%.
Овие приходи за периодот јануари-јуни 2016 година се остварени во вкупен износ од 63.026 илјади денари, и со процент на остварување од 48.5% во однос на годишниот план.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените даночни приходи за период јануари-јуни 2016 година (во илјада денари)



2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ


Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:
- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

(во 000 денари)

приход	Остварено јануари-јуни 2015 година	Јануари-јуни 2016 година			% на остварување јануари-јуни 2016/2015	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
➢ Приходи од партиципација	193.606	196.959	207.193	105,20%	107,02%	75,81%
➢ Останати неданочни приходи	104.623	75.000	66.109	88,15%	63,19%	24,19%
Вкупно	**298.229**	**271.959**	**273.302**	**100,49%**	**91,64%**	**100%**

Овие приходи учествуваат со 2.12% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2016 година.
Во периодот јануари-јуни 2016 година овие приходи се остварени во износ од 273.302 илјади денари и индекс на остварување од 50.6 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2015 година бележат намалување од 8.5%, што е резултат на помалку остварените останати неданочни приходи.
Во периодот јануари-јуни 2016 година приходите од партиципација се остварени во износ од 207.193 илјади денари и имаат индекс на остварување 53.13 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2016 година се остварени во износ од 66.109 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 44.1%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и над планираното.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2016 година (во илјада денари)



3. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Приходи од МТСП (породилни)-Во периодот јануари-јуни 2016 година од Министерство за труд и социјална политика по основ на породилни боледувања се добиени средства во висина од 1.154.492 илјади денари, што во однос на годишниот план е остварување од 57.7%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2015 година во износ од 552.736 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот
На 30.06.2016 година состојбата на сметката и благајната изнесува 596.325 илјади денари.

2 Расходи на Фондот за здравствено осигурување на Македонија

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-јуни 2016 расходите се остварени во износ од 12.868.589 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 2.144.765 илјади денари.

Остварените расходи за периодот јануари-јуни 2016 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2015 година (износ 11.762.819 илјади денари) бележат зголемување од 9.4%.


Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2016 година изнесуваат 12.787.589 илјади денари или просечно месечно 2.131.265 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се поголеми за 0.6%.

Вкупни расходи јануари-јуни 2016/2015 (во 000 денари)

Опис	остварено јан-јуни 2015 година	буџет 2016 година	Остварено јан-јуни 2016 година	% ост /план	% на остварување 2016/2015
Вкупен расход	11.762.819	25.575.177	12.868.589	50,32%	109,40%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-јуни 2016/2015




Движење на вкупните расходи за период јануари-јуни 2016 година (во 000 денари)

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	2.131.265	2.087.529	97,95%
февруари	2.131.265	2.260.701	106,07%
март	2.131.265	2.211.824	103,78%
април	2.131.265	2.087.768	97,96%
мај	2.131.265	2.077.889	97,50%
јуни	2.131.265	2.142.878	100,54%
вкупно	**12.787.589**	**12.868.589**	**100,63%**

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (98,31%)
2. Функционални расходи на Фондот (1.69%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-јуни 2016/2015

(во 000 денари)


Опис	остварено јануари-јуни 2015 година	Јан-јуни 2016			% 2016 /2015
		планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ Здравствени услуги	10.293.865	11.326.050	**11.277.614**	99,57%	109,56%
➢ Надоместоци	1.227.893	1.175.000	**1.372.472**	116,81%	111,77%
Вкупно	**11.521.758**	**12.501.050**	**12.650.086**	**101,19%**	**109,79%**

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-јуни 2016 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 87,64 % или во вкупен износ од 11.277.614 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 49.8%, додека споредени со истиот период од 2015 се повисоки за 9.6%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-јуни 2016 година, надоместоците имаат учество од 10.7% и 1.372.472 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 116.8% а истите споредени со истиот период од 2015 година се повеќе остварени за 11,8%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е над планот, со исклучок на м.јануари, април и мај 2016 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-јуни 2016 година (во илјада денари)



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2016 година **(во 000 денари)**


Опис	остварено јануари-јуни 2015	Јан-јуни 2016			% 2016 /2015
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ плати и надоместоци	157.048	172.539	**165.622**	95,99%	105,46%
➢ стоки и услуги	74.617	87.078	**45.507**	52,26%	60,99%
➢ субвенции и трансфери	1.494	2.923	**510**	17,45%	34,14%
➢ капитални расходи	7.902	24.000	**6.864**	28,60%	86,86%
Вкупно	**241.061**	**286.539**	**218.503**	**76,26%**	**90,64%**

Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2016 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 1,7 % или во вкупен износ од 218.503 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 23.7%, а споредени со истиот период од 2015 година бележат намалување од 9.4%.

Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,29% и се под планираното за истиот период.
Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,35%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 47.7% и бележат намалување од 39% во споредба со истиот период од 2015 година.
Капитални расходи за период јануари-јуни 2016 година имаат остварување од 6.864 илјади денари и во однос на истиот период во 2015 година бележат намалување.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна во зависност од доспеаноста на обврските и под планот за истиот период.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2016 година (во илјада денари)



ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2016 година

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2016 година (Седница на УО од 31.12.2015, 27.01.2016 и 16.05.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година во однос на договорниот надоместок за 2016 година
1	Стоматолошки клинички центар	137.300.000	68.650.002	50,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	31.900.000	15.949.983	50,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	114.900.000	57.450.000	50,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	576.400.000	288.199.983	50,00%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	342.400.000	171.199.983	50,00%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	27.900.000	13.950.000	50,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	125.700.000	77.850.000	61,93%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	78.400.000	39.199.983	50,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	66.900.000	33.450.000	50,00%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	54.900.000	27.450.000	50,00%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	78.900.000	39.450.000	50,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	247.400.000	131.129.993	53,00%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	50.700.000	25.350.000	50,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	340.400.000	183.057.145	53,78%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	169.700.000	84.850.002	50,00%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	41.900.000	20.950.002	50,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	188.900.000	94.450.002	50,00%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	59.000.000	35.300.002	59,83%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	126.900.000	63.450.000	50,00%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	122.900.000	61.450.002	50,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	181.900.000	90.949.983	50,00%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	112.400.000	56.200.002	50,00%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	70.242.000	35.121.000	50,00%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	123.900.000	65.768.180	53,08%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	72.900.000	36.450.000	50,00%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	89.400.000	44.700.000	50,00%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	408.900.000	204.450.000	50,00%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	52.900.000	26.449.983	50,00%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	27.400.000	13.699.983	50,00%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	443.900.000	221.950.002	50,00%
31	Клиничка болница-Битола	601.200.000	330.948.733	55,05%
32	Општа болница-Гевгелија	93.200.000	46.600.002	50,00%
33	Општа болница-Гостивар	285.000.000	169.772.725	59,57%
34	Општа болница-Дебар	70.600.000	38.027.273	53,86%
35	Општа болница-Кавадарци	121.500.000	60.750.000	50,00%
36	Општа болница-Кичево	96.900.000	48.450.000	50,00%
37	Општа болница-Кочани	112.900.000	56.449.983	50,00%
38	Општа болница-Куманово	371.400.000	202.063.635	54,41%
39	Општа болница-Охрид	256.900.000	140.824.998	54,82%
40	Општа болница-Прилеп	378.500.000	189.250.002	50,00%
41	Општа болница-Струга	167.400.000	83.700.000	50,00%
42	Општа болница-Струмица	224.900.000	112.450.002	50,00%
43	Клиничка болница-Тетово	460.700.000	230.350.002	50,00%
44	Општа болница-Велес	221.400.000	110.700.000	50,00%
45	Клиничка болница-Штип	338.100.000	169.050.000	50,00%
46	Градска општа болница 8-ми септември	829.900.000	434.949.984	52,41%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	280.400.000	163.000.002	58,13%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	127.100.000	63.550.002	50,00%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	115.900.000	57.949.983	50,00%
50	Психијатриска болница-Скопје	190.400.000	95.200.002	50,00%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	126.500.000	63.250.002	50,00%
52	Психијатриска болница-Негорци	52.900.000	26.449.983	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2016 година (Седница на УО од 31.12.2015, 27.01.2016 и 16.05.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година во однос на договорниот надоместок за 2016 година
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	29.900.000	14.950.002	50,00%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	151.400.000	89.336.362	59,01%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	45.900.000	22.950.000	50,00%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	63.900.000	31.950.000	50,00%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	13.000.000	6.499.983	50,00%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	110.900.000	55.450.002	50,00%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	20.900.000	10.450.002	50,00%
60	Геронтолошки завод-Скопје	83.900.000	41.950.002	50,00%
61	Завод за нефрологија-Струга	135.900.000	76.950.000	56,62%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	22.400.000	11.200.002	50,00%
63	Здравствен дом-Битола	98.900.000	49.450.002	50,00%
64	Здравствен дом-Гевгелија	44.000.000	23.776.621	54,04%
65	Здравствен дом-Гостивар	80.400.000	40.200.000	50,00%
66	Здравствен дом-Дебар	19.300.000	9.649.983	50,00%
67	Здравствен дом-Кавадарци	39.900.000	19.950.000	50,00%
68	Здравствен дом-Кичево	34.650.000	17.325.000	50,00%
69	Здравствен дом-Кочани	24.500.000	12.250.002	50,00%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	66.400.000	36.234.093	54,57%
71	Здравствен дом-Куманово	74.700.000	37.350.000	50,00%
72	Здравствен дом-Охрид	77.300.000	38.650.002	50,00%
73	Здравствен дом-Прилеп	98.100.000	49.050.000	50,00%
74	Здравствен дом-Струга	41.900.000	20.950.002	50,00%
75	Здравствен дом-Струмица	53.900.000	26.950.002	50,00%
76	Здравствен дом-Тетово	95.400.000	47.700.000	50,00%
77	Здравствен дом-Велес	55.900.000	27.949.983	50,00%
78	Здравствен дом-Штип	34.300.000	17.274.643	50,36%
79	Здравствен дом-Берово	27.100.000	13.549.983	50,00%
80	Здравствен дом-Македонски Брод	24.100.000	12.412.728	51,51%
81	Здравствен дом-Валандово	28.900.000	14.449.983	50,00%
82	Здравствен дом-Вевчани	36.600.000	18.300.000	50,00%
83	Здравствен дом-Виница	33.000.000	16.500.000	50,00%
84	Здравствен дом-Делчево	47.900.000	23.950.002	50,00%
85	Здравствен дом-Демир Хисар	25.500.000	12.750.000	50,00%
86	Здравствен дом-Кратово	26.100.000	13.050.000	50,00%
87	Здравствен дом-Крушево	23.100.000	11.550.000	50,00%
88	Здравствен дом-Неготино	53.400.000	26.700.000	50,00%
89	Здравствен дом-Пехчево	19.548.000	9.774.000	50,00%
90	Здравствен дом-Пробиштип	23.000.000	11.500.002	50,00%
91	Здравствен дом-Радовиш	34.300.000	17.149.983	50,00%
92	Здравствен дом-Ресен	41.500.000	20.749.983	50,00%
93	Здравствен дом-Ростуше	15.900.000	7.950.000	50,00%
94	Здравствен дом-Свети Николе	33.700.000	16.849.983	50,00%
95	Здравствен дом-Скопје	627.900.000	313.950.000	50,00%
96	Здравствен дом-Железничар	21.700.000	10.849.986	50,00%
97	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	6.700.000	3.349.983	50,00%
98	Здравствена станица-Железара	27.400.000	13.699.983	50,00%
99	Медицински факултет-Институти-Скопје	171.900.000	86.131.818	50,11%
100	Институт за трансфузиона медицина на РМ	368.000.000	214.181.820	58,20%
101	Институт за јавно здравје на Република Македонија	47.900.000	29.240.907	61,05%
102	Центар за јавно здравје-Битола	25.500.000	12.750.000	50,00%
103	Центар за јавно здравје-Велес	22.000.000	10.999.983	50,00%
104	Центар за јавно здравје-Кочани	18.200.000	9.100.002	50,00%
105	Центар за јавно здравје-Прилеп	21.000.000	10.500.000	50,00%
106	Центар за јавно здравје-Куманово	16.300.000	8.149.983	50,00%
107	Центар за јавно здравје-Скопје	45.900.000	22.950.000	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2016 година (Седница на УО од 31.12.2015, 27.01.2016 и 16.05.2016 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2016 година во однос на договорниот надоместок за 2016 година
108	Центар за јавно здравје-Струмица	8.000.000	4.000.002	50,00%
109	Центар за јавно здравје-Тетово	23.900.000	11.950.002	50,00%
110	Центар за јавно здравје-Штип	14.600.000	7.300.002	50,00%
111	Центар за јавно здравје-Охрид	15.700.000	7.849.983	50,00%
112	Институт за Медицина на трудот на РМ	23.700.000	11.850.000	50,00%
113	Здравствена станица Липково	13.700.000	6.850.002	50,00%
114	Универзитетски институт за позитронско-емисиона томографија на РМ	20.500.000	1.000.000	4,88%
	ВКУПНО:	**13.742.740.000**	**7.102.501.319**	51,68%

Финансиски податоци на Јавните здравствени установи

Приходи на Јавните здравствени установи

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-јуни 2016 година се остварени во износ од 8.462.247.011 денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-јуни 2016 година изнесува 7.102.501.319 и во структурата на вкупните приходи учествува со 83,9%.

Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-јуни 2016 година се остварени во вкупен износ од 1.338.377.750 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 15,8%, а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 44,8%.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 21.367.942 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 29,4% и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0.3%.

Структура на приходи јануари-јуни 2016 год во (000) денари

Приходи	остварено јануари-јуни 2015 година	планирани приходи 2016 година	приходи јануари-јуни 2016 година	% Ост /план	% 2016 /2015	% на учество во вкупните приходи јануари-јуни 2016
Приходи од ФЗОМ	6.613.483	13.742.740	7.102.501	51,68%	107,39%	83,93%
Сопствени приходи	1.199.996	2.986.149	1.338.378	44,82%	111,53%	15,82%
Приходи од донации	14.436	72.628	21.368	29,42%	148,01%	0,25%
Вкупно	**7.827.915**	**16.801.517**	**8.462.247**	**50,37%**	**108,10%**	**100%**

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2016 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ јануари-јуни 2016/2015 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ

за приходите на ЈЗУ за период 01.01.-30.06.2016 година

р. бр.	Конто	Опис	планиран годишен износ	јануари	февруари	март	април	мај	јуни	Кумулатив	Ост /план	% на учество во вкупните приходи
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12 (11/4)	13
1		**Вкупно приходи (2+3+14):**	**16.801.516.957**	**1.540.563.274**	**1.373.592.710**	**1.452.821.209**	**1.395.709.717**	**1.380.003.042**	**1.319.557.059**	**8.462.247.011**	**50,37%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОМ:**	**13.742.740.000**	**1.364.886.669**	**1.155.915.032**	**1.190.143.748**	**1.143.140.409**	**1.140.294.159**	**1.108.121.302**	**7.102.501.319**	**51,68%**	**83,93%**
3		**Сопствени приходи (4-13):**	**2.986.148.922**	**171.210.145**	**214.956.336**	**262.560.251**	**245.326.519**	**233.788.413**	**210.536.086**	**1.338.377.750**	**44,82%**	**15,82%**
4	721	Претприемачки приход и приход од имот	223.908.000	15.500	15.500	14.500	800	240.645	20.160	**307.105**	**0,14%**	
5	723	Такси и надоместоци	1.196.730.783	102.564.217	113.998.197	119.695.586	122.444.339	106.356.040	119.545.994	**684.604.373**	**57,21%**	
6	724	Други владини услуги	100.000	0	0	57.240	0	0	0	**57.240**	**57,24%**	
7	725	Други неданочни приходи	954.185.038	67.994.369	89.201.490	108.649.311	85.028.253	85.288.290	73.548.660	**509.710.373**	**53,42%**	
8	731	Продажба на капитални средства	1.520.000	7.590	2.760	0	8.280	1.380	690	**20.700**	**1,36%**	
9	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	3.100.000	0	60	94.721	0	164.551	0	**259.332**	**8,37%**	
10	741	Трансфери од други нивоа на власт	567.880.101	628.469	11.738.329	34.035.893	37.844.847	41.737.507	17.420.582	**143.405.627**	**25,25%**	
11	742	Донации од странство	0	0	0	0	0	0	0	**0**		
12	744	Тековни донации	0	0	0	13.000	0	0	0	**13.000**		
13	771	Продажба на хартии од вредност	38.725.000	0	0	0	0	0	0	**0**	**0,00%**	
14		**Приходи од донации (15-20)**	**72.628.035**	**4.466.460**	**2.721.342**	**117.210**	**7.242.789**	**5.920.470**	**899.671**	**21.367.942**	**29,42%**	**0,25%**
15	723	Такси и надоместоци	0	182.000	4.200	0	140.812	0	86.156	**413.168**		
16	725	Други неданочни приходи	150.000	60.901	0	60.000	1.140	139.680	0	**261.721**	**174,48%**	
17	741	Трансфери од други нивоа на власт	232	0	0	0	0	3.303.115	613.882	**3.916.997**		
18	742	Донации од странство	56.153.555	4.223.559	0	7.510	4.312.533	2.352.675	36.218	**10.932.495**	**19,47%**	
19	743	Капитални донации	4.072.876	0	35.400	0	1.793.576	0	0	**1.828.976**	**44,91%**	
20	744	Тековни донации	12.251.372	0	2.681.742	49.700	994.728	125.000	163.415	**4.014.585**	**32,77%**	

Салдо на крајот од претходниот месец:	436.456.910	502.114.560	523.048.552	517.066.891	536.793.757	546.329.736
Салдо на крај од тековниот месец:	502.114.560	523.048.552	517.066.891	536.793.757	546.329.736	554.898.970

ЗАБЕЛЕШКА:

* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет

** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2016 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			Планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	213.360.902	68.650.002	19.107.893	60.000	87.817.895	41,16	25,12%	1,04%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	37.445.500	15.949.983	1.938.333		17.888.316	47,77	34,95%	0,21%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	165.684.000	57.450.000	27.350.681	0	84.800.681	51,18	54,18%	1,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	617.559.137	288.199.983	18.990.873	0	307.190.856	49,74	47,48%	3,63%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	388.200.000	171.199.983	24.478.752	550.684	196.229.419	50,55	58,28%	2,32%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	121.021.296	13.950.000	38.636.444		52.586.444	43,45	41,50%	0,62%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	147.700.000	77.850.000	6.887.963		84.737.963	57,37	31,31%	1,00%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	89.438.252	39.199.983	6.675.767		45.875.750	51,29	60,69%	0,54%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	78.093.062	33.450.000	8.077.078		41.527.078	53,18	72,16%	0,49%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	63.340.000	27.450.000	3.528.014	0	30.978.014	48,91	42,00%	0,37%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	84.400.000	39.450.000	3.763.908	0	43.213.908	51,20	68,43%	0,51%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	260.815.000	131.129.993	3.576.976	0	134.706.969	51,65	28,17%	1,59%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	61.486.991	25.350.000	7.949.181		33.299.181	54,16	73,88%	0,39%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	382.993.009	183.057.145	12.091.066	3.456.219	198.604.430	51,86	30,84%	2,35%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	220.700.000	84.850.002	10.536.708	859.439	96.246.149	43,61	23,95%	1,14%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	47.900.000	20.950.002	3.871.667		24.821.669	51,82	64,53%	0,29%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	212.300.000	94.450.002	7.229.871	0	101.679.873	47,89	30,90%	1,20%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	62.021.331	35.300.002	1.777.835		37.077.837	59,78	59,26%	0,44%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	135.327.494	63.450.000	4.672.644	4.200	68.126.844	50,34	59,15%	0,81%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	130.052.473	61.450.002	2.828.069	100.000	64.378.071	49,50	40,40%	0,76%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	200.140.000	90.949.983	6.485.737	240.000	97.675.720	48,80	36,03%	1,15%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	119.003.555	56.200.002	4.534.351		60.734.353	51,04	69,12%	0,72%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	81.242.000	35.121.000	8.660.883	0	43.781.883	53,89	86,61%	0,52%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	132.173.881	65.768.180	3.553.275	0	69.321.455	52,45	44,30%	0,82%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	87.512.385	36.450.000	8.127.125		44.577.125	50,94	55,67%	0,53%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	104.400.000	44.700.000	6.484.551		51.184.551	49,03	43,23%	0,60%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	457.100.000	204.450.000	21.381.117		225.831.117	49,41	44,36%	2,67%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	63.402.399	26.449.983	5.884.126		32.334.109	51,00	56,04%	0,38%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	35.086.911	13.699.983	1.009.384		14.709.367	41,92	31,74%	0,17%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	528.900.000	221.950.002	38.087.511	0	260.037.513	49,17	44,81%	3,07%
31	Клиничка болница-Битола	713.544.280	330.948.733	43.127.756	0	374.076.489	52,43	38,39%	4,42%
32	Општа болница-Гевгелија	130.266.504	46.600.002	6.460.768	6.405.919	59.466.689	45,65	38,82%	0,70%
33	Општа болница-Гостивар	330.000.000	169.772.725	23.869.533		193.642.258	58,68	53,04%	2,29%
34	Општа болница-Дебар	77.700.182	38.027.273	3.270.813	0	41.298.086	53,15	47,82%	0,49%
35	Општа болница-Кавадарци	136.860.000	60.750.000	8.766.928	0	69.516.928	50,79	58,60%	0,82%
36	Општа болница-Кичево	108.900.000	48.450.000	5.827.874		54.277.874	49,84	48,57%	0,64%
37	Општа болница-Кочани	130.876.472	56.449.983	7.190.306		63.640.289	48,63	40,34%	0,75%
38	Општа болница-Куманово	419.700.000	202.063.635	23.763.146		225.826.781	53,81	49,20%	2,67%
39	Општа болница-Охрид	296.909.628	140.824.998	18.658.047		159.483.045	53,71	46,65%	1,88%
40	Општа болница-Прилеп	446.500.000	189.250.002	30.770.501	0	220.020.503	49,28	47,34%	2,60%
41	Општа болница-Струга	191.822.040	83.700.000	12.601.750		96.301.750	50,20	52,51%	1,14%
42	Општа болница-Струмица	276.113.154	112.450.002	17.901.976	0	130.351.978	47,21	35,10%	1,54%
43	Клиничка болница-Тетово	559.713.368	230.350.002	35.233.476		265.583.478	47,45	48,94%	3,14%
44	Општа болница-Велес	261.900.232	110.700.000	15.449.336	0	126.149.336	48,17	38,15%	1,49%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/ планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			Планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
45	Клиничка болница-Штип	400.641.055	169.050.000	29.479.744		198.529.744	49,55	52,64%	2,35%
46	Градска општа болница 8-ми септември	960.700.000	434.949.984	56.797.810	226.866	491.974.660	51,21	43,69%	5,81%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	310.400.000	163.000.002	15.790.471		178.790.473	57,60	52,63%	2,11%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	141.100.000	63.550.002	7.982.218		71.532.220	50,70	57,02%	0,85%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	135.400.000	57.949.983	5.814.483	0	63.764.466	47,09	36,34%	0,75%
50	Психијатриска болница-Скопје	228.500.000	95.200.002	10.612.636		105.812.638	46,31	27,85%	1,25%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	151.500.000	63.250.002	5.856.876		69.106.878	45,62	23,43%	0,82%
52	Психијатриска болница-Негорци	69.830.005	26.449.983	6.677.261		33.127.244	47,44	43,93%	0,39%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	34.849.462	14.950.002	2.420.307		17.370.309	49,84	53,78%	0,21%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	217.120.000	89.336.362	22.281.704		111.618.066	51,41	33,90%	1,32%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	66.479.784	22.950.000	3.773.370	3.916.997	30.640.367	46,09	30,19%	0,36%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	76.616.479	31.950.000	6.607.020		38.557.020	50,32	53,73%	0,46%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	13.138.753	6.499.983	41.610		6.541.593	49,79	49,83%	0,08%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	124.454.387	55.450.002	7.125.378		62.575.380	50,28	53,37%	0,74%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	24.361.914	10.450.002	1.308.512		11.758.514	48,27	37,82%	0,14%
60	Геронтолошки завод-Скопје	174.191.900	41.950.002	36.078.167		78.028.169	44,79	39,96%	0,92%
61	Завод за нефрологија-Струга	167.900.000	76.950.000	10.238.526		87.188.526	51,93	32,00%	1,03%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	32.149.680	11.200.002	1.350.983		12.550.985	39,04	50,04%	0,15%
63	Здравствен дом-Битола	135.918.579	49.450.002	13.611.512		63.061.514	46,40	39,67%	0,75%
64	Здравствен дом-Гевгелија	52.407.917	23.776.621	3.476.835	0	27.253.456	52,00	41,39%	0,32%
65	Здравствен дом-Гостивар	93.200.773	40.200.000	6.173.030		46.373.030	49,76	48,23%	0,55%
66	Здравствен дом-Дебар	21.042.080	9.649.983	811.529		10.461.512	49,72	47,74%	0,12%
67	Здравствен дом-Кавадарци	45.512.694	19.950.000	2.587.934	0	22.537.934	49,52	47,05%	0,27%
68	Здравствен дом-Кичево	41.093.822	17.325.000	2.575.213		19.900.213	48,43	46,67%	0,24%
69	Здравствен дом-Кочани	31.235.861	12.250.002	1.453.979		13.703.981	43,87	22,37%	0,16%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	75.466.487	36.234.093	4.284.410		40.518.503	53,69	47,60%	0,48%
71	Здравствен дом-Куманово	99.092.046	37.350.000	9.653.342		47.003.342	47,43	40,49%	0,56%
72	Здравствен дом-Охрид	86.227.961	38.650.002	3.649.121		42.299.123	49,05	40,96%	0,50%
73	Здравствен дом-Прилеп	121.907.389	49.050.000	9.379.726	0	58.429.726	47,93	41,69%	0,69%
74	Здравствен дом-Струга	47.900.000	20.950.002	1.170.884		22.120.886	46,18	19,51%	0,26%
75	Здравствен дом-Струмица	61.367.804	26.950.002	2.728.589	0	29.678.591	48,36	36,73%	0,35%
